**НАЦРТ**

Врз основа член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а во врска со член 154 од Законот за работните односи (Пречистен текст) ("Службен весник на Република Македонија" бр.145/14), и член 82 на Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија, а во согласност со член 15 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр. 01-4351/1 од 29.08.2014 година, и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-507/9 од 23.01.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на својата 02 - та седница одржана на 23.01.2015 година, донесе:

# НАЦРТ - ПРАВИЛНИК ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ, ДООБРАЗУВАЊЕ И СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

## I. Општи одредби

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат правата и обврските на вработените во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за стручно усовршување, дообразување и специјализација, формите, динамиката и условите под кои тие можат да се реализираат.

Член 2

Стручното усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е во функција на создавање услови за поуспешно и поквалитетно извршување на работите и работните задачи кои согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиумите спаѓаат во делокругот на надлежности на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и одржување, односно унапредување на способноста на работникот за работа на работното место на кое е распореден.

## II. Форми на стручно усовршување, дообразување и специјализација

Член 3

Стручното усовршување, дообразување и специјализација се остваруваат преку следните форми:

1. стручен испит (правосуден испит, испит за овластен ревизор и друг вид стручни испити);

2. последипломски студии;
3. докторски студии и
4. други форми на усовршување и специјализација.

Член 4

Последипломските студии и докторските студии потребно е да обработуваат и да истражуваат теми од областа на:

- аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во целина, од областа на правото, економијата, електронските комуникации, информатката, комуникологијата, културата и новинарството,
- менаџментот, односите со јавност, информатиката и др. кои ќе придонесат за зголемување на перформансите и успешноста на Агенцијата во целост и
- други области што се од значење за остварување на надлежностите на Агенцијата.

Член 5

Други форми на усовршување и специјализација се: семинари, работилници, конференции, симпозиуми, конгреси, советувања и други видови на стручна обука.

Вработените во Стручната служба на Агенцијата имаат право, но и обврска, преку другите форми на стручно усовршување и специјализација, наведени во ставот 1 на овој член, континуирано да вложуваат во своето знаење во зависност од карактеристиките и специфичностите на своето работно место, со што ќе обезбедат сопствен развој, како и развој на Стручната служба во целина.

## III. Финансирање на стручното усовршување, дообразување и специјализација

Член 6

Стручното усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Агенцијата се финансира од средствата предвидени за таа намена во Финанскиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за тековната година.

Член 7

Стручното усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Агенцијата може да се финансира и делумно од средства кои ќе му се одобрат на работникот од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и делумно од други извори на средства (лични средства, средства од спонзорства, донации и сл.).

Како спонзор или донатор не може да се појави субјект над чие работење Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врши надзор.

## IV. Услови под кои се одобруваат средствата за стручно усовршување, дообразување и специјализација

Член 8

Средствата за стручно усовршување, дообразување и специјализација, преку формите на стручно усовршување, дообразување и специјализација, наведени во член 3 на овој Правилник (став 1, 2, и 3), се одобруваат од Советот на Агенцијата, врз основа на барање поднесено од вработениот во Стручната служба до Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Член 9

За да може Советот на Агенцијата позитивно да одговори на поднесеното барање, од член 8 на овој Правилник, потребно е вработениот да ги исполнува следните услови:

- да е во редовен работен однос во Стручната служба на Агенцијата најмалку 2 (две) години и
- да обавува работи на работно место за кое е потребно перманентно стручно и/или научно усовршување и дообразување, следење на тековните процеси во областа заради здобивање со специјални стручни и продлабочени знаења потребни за поуспешно и поквалитетно извршување на работните задачи.

Член 10

За стручно усовршување, дообразување и специјализација преку другите форми на стручно усовршување и специјализација, наведени во член 5 на овој Правилник, одлучува Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по своја иницијатива, или врз основа на барање од раководител на организациона единица, односно барање од работник, кое се поднесува преку архивата на Стручната служба на Агенцијата.

## V. Постапка за одобрување на средствата за стручно усовршување, дообразување и специјализација

Член 11

Барањето за одобрување средства за стручно усовршување, дообразување и специјализација, преку формите на стручно усовршување, дообразување и специјализација наведени во член 3 став 1, 2, и 3, на овој Правилник (стручен испит, последипломски студии и докторски студии) се поднесува до Директорот на Агенцијата, кој барањето заедно со

предлог го доставува на одобрување до Советот на Агенцијата, на една од неговите редовни седници.

При разгледувањето на барањето за одобрување средства за стручно усовршување, дообразување и специјализација, предност ќе имаат барањата за кои делумно се обезбедуваат средства од страна на вработениот во Стручната служба на Агенцијата согласно член 7 од овој Правилник.

Доколку Советот на Агенцијата го прифати предлогот од Директорот и го одобри барањето за одобрување средства, Директорот ќе донесе Одлука за одобрување средства за усовршување, дообразување и специјализација.

Член 12

Правата и обврските во врска со одобрените средства за усовршување, дообразување и специјализација, наведени во член 3 (став 1, 2, и 3) на овој Правилник, поблиску ќе се уредат со договор кој ќе се склучи меѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и вработениот - подносител на барањето.

## VI. Права и обврски на вработените во Стручната служба на Агенцијата во врска со одобрените средства за усовршување, дообразување и специјализација

Член 13

Вработениот на кој ќе му се одобрат и исплатат средства за формата на стручно усовршување, дообразување и специјализација наведена во член 3 став 1 на овој Правилник, е должен:

- да го положи соодветниот испит во рок од 1 (една) година од денот на поднесувањето на првата пријава за полагање,
- да остане во работен однос во Агенцијата најмалку 3 (три) години од денот на положувањето на испитот, и
- доколку го раскине работниот однос пред истекот на рокот предвиден во алинеја 2 на овој член, или не го положи испитот во соодветниот рок, е должен да го врати на Агенцијата одобрениот и исплатен износ со законска камата согласно позитивните законски прописи, сметано од наредниот ден од последниот ден во кој истекува рокот за полагање на испитот.

Член 14

Вработениот на кој Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе му одобри и исплати средства за формите на стручно усовршување, дообразување и специјализација наведени во член 3 ставови 2 и 3 на овој Правилник, е должен:

- во рок од 4 (четири) години да ги заврши последипломските (магистерски) студии односно во рок од 6 (шест) години да ги заврши докторските студии;
- да предаде во Агенцијата најмалку 1 (еден) примерок од изработениот труд (магистерски или докторски труд);
- во случај да не ги заврши последипломските односно докторските студии во рокот пропишан во алинејата 1 на овој член, да го врати на Агенцијата одобрениот и исплатен износ со законска камата согласно позитивните законски прописи, сметано од наредниот ден од последниот ден во кој истекува рокот за завршување на последипломските односно докторските студии, и
- да остане да работи во Агенцијата најмалку 4 (четири) години по завршувањето на последипломските студии односно да остане да работи во Агенцијата најмалку од 6 (шест) години по завршувањето на докторските студии.

Роковите наведени во став 1 алинеја 1 на овој член, започнуваат да течат од денот на запишувањето на последипломските, односно докторските студии за кои се одобрени и исплатени финансиски средства од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 15

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на огласна табла во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Член 16

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во стручната служба на Советот на радиодифузија на РМ бр.01-3212/1 од 17.09.2009 година.

**Бр.________**
**____.__.2015 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

___________________
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**